

# ПОВЕЌЕ ЖЕНИ, ПОВЕЌЕ ГОЛОВИ

## МАКЕДОНСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ЖЕНСКИ ФУДБАЛ

## 2021 - 2025

# ПРЕДГОВОР

Во последната декада женскиот фудбал се етаблира како глобален феномен. Нивоата на јавен интерес го достигнуваат врвот и секој ден се појавуваат нови примери на играчи во ранг на супер-ѕвезди. Комерцијалните партнери се сè повеќе желни да инвестираат, бидејќи сé повеќе водечки светски клубови развиваат системи за развој на таленти споредливи со машката игра.

Преку креирањето на нашата нова стратегија за женски фудбал, ПОВЕЌЕ ЖЕНИ, ПОВЕЌЕ ГОЛОВИ сакаме да бидеме сигурни дека на ФФМ не се гледа само како на ентузијастички и иновативен придонесувач, туку и како на организација која го поткрепува тоа со вистинска акција. Преку спроведувањето на нашата стратегија, сакаме да го воспоставиме женскиот фудбал како спортски избор број еден во нашата земја за жени и девојки.

Сакаме да користиме инспиративна промоција за да ја направиме играта привлечна и достапна и преку ова да ги надминеме сите културни или практични бариери кои може да постојат. Сакаме секоја девојка која сонува да игра за нашата репрезентација да се чувствува уверена дека нејзиниот талент ќе биде забележан и дека ќе бидат достапни потребните тренерски можности за поддршка на нејзиниот развој. Преку нашата работа сакаме да изградиме аспиративна, предизвикувачка и развојна натпреварувачка структура, која е одлична за играчите, но подеднакво пријатна и за оние кои сакаат да навиваат. На самиот врв, сакаме да развиеме и да поддржиме амбициозна репрезентативна структура која е позитивен предизвик да влезе и да биде конкурентна на европска и светска сцена. За да го забрзаме нашиот развој, сакаме да ги охрабриме медиумите и комерцијалните партнери во нашата земја да застанат зад нашата мисија. Како што истражувањата јасно покажуваат, можеме да постигнеме многу повеќе ако работиме како тим.

Женскиот фудбал е многу повеќе од елитна изведба. Со зголемување на нивоата на партиципација, можеме да поддржиме многу општествени прашања. Можеме да ги подобриме нивоата на физичка подготвеност, да го подигнеме нивото на самодоверба, да создадеме нови можности за вработување и да ги надминеме историските заблуди поврзани со учеството на жените во спортот. Како заменик-претседател на нашата федерација, јас сум исклучително горд што помогнав да се развие оваа стратегија. Јас заедно со моите колеги сме посветени да ја одиграме нашата целосна улога во развојот на женската игра и да се погрижиме да бидеме многу повеќе од само гледачи како дел од ова растечко движење.

# ПОВЕЌЕ ЖЕНИ - ПОВЕЌЕ ГОЛОВИ

**ЛАЗАР РАКИЏИЕВ**
Потпретседател





# СОДРЖИНА

2. **ПРЕДГОВОР**
5. **НАШАТА ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ**
6. **ВОВЕД**
7. **ЖЕНСКИОТ ФУДБАЛ ВО МАКЕДОНИЈА – МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА**
8. **ПОВЕЌЕ ЖЕНИ, ПОВЕЌЕ ГОЛОВИ – ПРЕГЛЕД**
10. **ВИДЛИВОСТ И ПЕРЦЕПЦИЈА – Уривање на бариерите**
18. **ПАРТИЦИПАЦИЈА – Поттикнување инспирација**
26. **СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ – Ослободување на потенцијалот**
34. **РЕПРЕЗЕНТАЦИИ – Инспирирање на нашата нација**
40. **ПРИХОДИ – Градење за иднината**
48. **НАШИТЕ ПАРТНЕРИ**



# ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ

## НАШАТА ВИЗИЈА

Фудбалот ќе го воспоставиме како спорт број еден за жени и девојки во  Македонија

## НАШАТА МИСИЈА

Ќе обезбедиме можности и иновации, овозможувајќи им на сите жени и девојки да уживаат, да се развиваат и да настапуваат

## НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

Нашата работа ќе ја испорачаме преку:

- Инспирација
- Ојакнување
- Храброст
- Лидерство
- Еднаквост
- Гордост



# ВОВЕД

Преку развојот, објавувањето и имплеметацијата на нашата стратегија за женски фудбал 2021-2025 ПОВЕЌЕ ЖЕНИ-ПОВЕЌЕ ГОЛОВИ, ние сме посветени на зајакнување на сите жени и девојки кои живеат во Македонија да се занимаваат со фудбал, да ги следат своите соништа и да го исполнат својот потенцијал.

Оваа стратегија е комплето посветена на позитивна акција. Работејќи преку петте стратешки столбови, видливост и перцепција, партиципација, систем за натпреварување, репрезентации и приходи, имаме намера да изградиме и зајакнеме долгорочна и одржлива национална структура за женски фудбал. Сепак, ова нема да се случи само и единствено со нашите напори. За целосно да го исполниме нашиот потенцијал, ќе треба да продолжиме да соработуваме со многу различни партнери, вклучувајќи ги нашите клубови, нашите училишта, владата и општините, медиумите и комерцијалните партнери. Сите ние имаме важна улога во развојот на женскиот фудбал како женски спорт број еден во Македонија и се надеваме дека оваа стратегија ќе помогне да се инспирира континуирана поддршка и вклученост.

При развивањето на оваа стратегија, ние стремиме да бидеме храбри. Развивме конкретни цели, задачи и акции и бевме транспарентни во промовирањето на влијанието што имаме намера да го испорачаме. Иако веројатно нема да бидеме успешни во секоја област, се надеваме дека овој храбар пристап дава многу јасна порака за намерата.

За дополнително да го поддржиме растот на женската игра, ќе инвестираме во градење на клучните елементи кои го поткрепуваат растот на партиципацијата. Ќе го прошириме квалитетот и квантитетот на нашите тренери и судии. Ќе создадеме поголема пристапност до нашата фудбалска инфраструктура и преку тоа ќе се обидеме да ги надминеме бариерите кои историски го спречуваа ангажманот на жените. На ниво на федерација ќе се погрижиме жените да имаат еднакви можности за пристап до нашата управувачка структура и до клучните улоги во нашиот тим на вработени.

Преку објавување на оваа стратегија, ние предлагаме да ја позиционираме нашата земја како клучен придонесувач во светот на женскиот фудбал. Преку нашите напори ние сакаме да се увериме дека сите во Македонија можат да бидат горди и возбудени на идниот подем во женскиот фудбал. Развојот на оваа стратегија претставува тимски пристап. Преку вклучувањето на нашите играчи, тренери, клубови, комерцијални и медиумските партнери, па сѐ до тимот на UEFA Grow, ниедно камче не остана непреместено. Ние непрестанато се предизвикувавме себеси да мислиме и постапуваме поразлично, Јас би сакал да се заблагодарам на сите овие партнери за нивните огромни напори и да кажам колку со нетрпение очекуваме да работиме со нив во претстојните години.

Ајде сите да уживаме и да бидеме горди на
ПОВЕЌЕ ЖЕНИ-ПОВЕЌЕ ГОЛОВИ



**ФИЛИП ПОПОВСКИ**
Генерален Секретар





# ЖЕНСКИОТ ФУДБАЛ ВО МАКЕДОНИЈА - МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Со голема аспирација да го зголемиме женскиот фудбал, мора да бидеме свесни дека не почнуваме од празна основа. Имаме воспоставено присуство во сите делови од земјата, а нашиот фокус е да го зголемиме квалитетот на ова присуство и да ги понудиме најдобрите можности за сите жени и девојчиња кои сакаат да бидат дел од фудбалската игра.



**38 ЖЕНСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБОВИ**

**43** ЖЕНИ УЕФА ТРЕНЕРИ (5% ОД СИТЕ ТРЕНЕРИ СО ЛИЦЕНЦА)

**931** ВКУПНО УЕФА ТРЕНЕРИ

**67** ЖЕНИ СУДИИ (7% ОД СИТЕ СУДИИ)

**954** ВКУПНО СУДИИ

**1,505** РЕГИСТРИРАНИ ФУДБАЛЕРСКИ (4% ОД СИТЕ ФУДАБЛЕРИ)

**34,429** ВКУПЕН БРОЈ НА РЕГИСТРИРАНИ ФУДБАЛЕРИ



Прва Женска Фудбалска Лига

1. ЖФК АСС Јунајтед, Струга
2. ЖФК Каменица САСА, М. Каменица
3. ЖФК Љуботен, Тетово
4. ЖФК Тиверија, Струмица
5. ЖФК Борец, Велес
6. ЖФК СЦ Истатов, Нов Дојран
7. ЖФК Скопје 2014, Скопје
8. ЖФК Деспина, Прилеп
9. ЖФК Шкендија, Тетово
10. ЖФК Топ Гол, Битола
11. ЖФК Речица, Речица
12. ЖФК Атлетико, Битола

Втора Женска Фудбалска Лига

1. ЖФК Ци-Ци, Скопје
2. ЖФК Билјанини Извори, Охрид
3. ЖФК Кочани, Кочани
4. ЖФК Плачковица, Радовиш
5. ЖФК Победа, Валандово
6. ЖФК Порече 2015, Македонски Брод
7. ЖФК Тиквешанки, Кавадарци

Младинска Женска Лига

1. ЖФК Атлетико, Битола
2. ЖФК Тиверија, Струмица
3. ЖФК Каменица САСА, М. Каменица
4. ЖФК Тиквешанки, Кавадрдци
5. ЖФК Љуботен, Тетово
6. ЖФК СЦ Истатов, Нов Дојран
7. ЖФК Речица, Речица
8. ЖФК Топ Гол, Битола
9. ЖФК Билјанини Извори, Охрид
10. ЖФК АСС Јунајтед, Струга
11. ЖФК Борец, Велес
12. ЖФК Деспина, Прилеп

Кадетска Женска Лига

1. ЖФК Кул Здравје, Скопје
2. ЖФК Скопје 2014, Скопје
3. ЖФК Тиверија, Струмица
4. ЖФК Топ Гол, Битола
5. ЖФК Порече 2015, Македонски Брод
6. ЖФК Плачковица, Радовиш
7. ЖФК Љуботен, Тетово
8. ЖФК АСС Јунајтед, Струга
9. ЖФК Билјанини Извори, Охрид

# ПОВЕЌЕ ЖЕНИ, ПОВЕЌЕ ГОЛОВИ - ПРЕГЛЕД

Нашата стратегија, „Повеќе Жени, Повеќе Голови", се состои од 5 стратегиски столбови и 30 цели кои ќе помогнат во исполнување на нашите стратешки аспирации за женскиот фудбал до 2025 година.

Секој стратешки столб има своја изјава за посветеност, која ќе ја насочи нашата работа и ќе обезбеди појаснување на нашите заложби за: надминување на пречките, обезбедување платформи, отклучување на потенцијалот, инспирирање и градење на иднина во се' што правиме.

## ВИДЛИВОСТ И ПЕРЦЕПЦИЈА

Уривање на бариерите - Ќе го воспоставиме женскиот фудбал како еден од најдобрите и највозбудливите спортски избори за жени во Македонија

## ПАРТИЦИПАЦИЈА

Поттикнување инспирација - Фудбалот ќе го воспоставиме како еден возбудлив,инклузивен, добредојден и безбеден спорт за сите жени и девојки во Македонија

## СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Ослободување на потенцијалот - Ќе создадеме секвенцијален и развоен пат за рекреативно и елитно натпреварување за сите жени и девојки кои сакаат да се натпреваруваат

## РЕПРЕЗЕНТАЦИИ

Инспирирање на нашата нација - Ќе воспоставиме енергична и амбициозна патека за развој на елитни таленти за сите жени и девојки кои имаат сон да се натпреваруваат за Македонија

## ПРИХОДИ

Градење за иднината - Ќе го воспоставиме женскиот фудбал како впечатлив, возбудлив и визионерски спорт во Македонија и ќе соработуваме со многуте партнери кои ја делат оваа визија





# ВИДЛИВОСТ И ПЕРЦЕПЦИЈА

Моментално за женскиот фудбал во Македонија малку се знае и малку е разбиран, така што интересот за оваа возбудлива област од нашата игра за жал останува на релативно ниско ниво. Иако на ова може да се гледа како на негативна ситуација, ние веруваме дека всушност претставува неверојатна можност. Женскиот фудбал на глобално ниво постојано демонстрира колку брзо може да се генерира интерес и ангажман кога една нација започнува усогласена маркетинг и комуникациска кампања за да изгради видливост и перцепција на играта.

Подобрувањата во елитната игра многу брзо стануваат видливи, како и профилот на женските играчи кои често стануваат општествени суперѕвезди. Меѓутоа, за да се постигне ова, постојат многу предизвици. Многу луѓе ќе гледаат на фудбалот како на машки спорт и ќе ја доведуваат во прашање соодветноста на учеството на жените. Слично на тоа, многу млади девојки може да го истакнат недостатокот на достапни и соодветни средини за играње и можностите за долгорочна кариера како причина за да не се вклучат. ФФМ целосно разбира дека развојот на женската игра нема да биде лесен, но сепак, ние го поздравуваме и го прифаќаме овој предизвик и црпиме голема доверба од многуте неверојатно успешни студии на случај низ целиот свет. ФФМ е посветен на промовирање на женскиот фудбал, обезбедувајќи тој да биде добредојден, правичен, безбеден и релевантен за сите жени и девојки во Македонија.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Ако се погледне развојниот пат на женскиот фудбал во последните 5 години, беше направено истражување за интересот и имиџот на женскиот фудбал. Низ податоците може јасно да се дојде до заклучок дека не‘ чекаат големи предизвици во овој стратегиски период, но со нетрпение очекуваме соработка со нашите локални и меѓународни интересенти, како на пример медиумите, кои ќе ни помогнат да ја развиеме перцепцијата и да го подобриме јавното мислење за женскиот спорт како прекрасен спорт, преку истакнување на придобивките кои може да ги понуди.




















## ЦЕЛ 1

Ќе го воспоставиме женскиот фудбал како еден од најдобрите и највозбудливите спортски избори за жени во Македонија

Ова ќе го постигнеме преку реализација на следниве цели и активности:

### ЦЕЛ
Да работиме со медиумите за проширување на свеста за женскиот фудбал ширум Македонија.

### АКТИВНОСТ
Ќе организираме медиумски форуми - тркалезни маси, посветени на подигнување на свеста за женскиот фудбал

Ќе им обезбедиме на медиумите пристап до нашите репрезентативци, охрабрувајќи ги да градат профили засновани и на играта и на начинот на живот

### ВЛИЈАНИЕ
Ќе организираме минимум еден форум на тркалезна маса со клучни медиумски фигури секоја година во периодот 2022–2025

Обезбедување на минимум една вест месечно на националните медиуми која е поврзана со женскиот фудбал

### ЦЕЛ
Да ја прошириме промоцијата на женскиот фудбал низ нашите дигитални и социјални медиумиски канали

### АКТИВНОСТ
Ќе го зголемиме профилот на женскиот фудбал во рамките на веб-страната на ФФМ, обезбедувајќи информации за приликите за играње, клубовите и инспиративните играчи

Ќе ја зголемиме покриеноста со женскиот фудбал на нашите социјални медиумски канали за поттикнување интерес и дијалог

### ВЛИЈАНИЕ
Ќе започнеме посветени содржини за женскиот фудбал до вториот квартал од 2022 година
Ќе обезбедиме годишно зголемување од 50% во покриеноста со женскиот фудбал на нашите социјални медиумски канали





### ЦЕЛ
Да се погрижиме на женскиот фудбал да се гледа како на нешто природно и во образованието и опшетството

### АКТИВНОСТ
Ќе работиме со владините одделенија за образование за да се вклучи женскиот фудбал во наставните планови и програми и спортските програми во заедницата

### ВЛИЈАНИЕ
Ќе работиме со нашата влада за да го прошириме женскиот фудбал во основниот национален наставен план и програма до 2023 година

### ЦЕЛ
Да им помогнеме на родителите да ги препознаат позитивните социјални и физички придобивки поврзани со играњето фудбал на нивните ќерки

### АКТИВНОСТ
Ќе развиеме и испорачаме тековна информативна кампања (дигитално и медиумско покривање) со амбасадори на женскиот фудбал
Ќе промовираме водечки секторски истражувања кои ги објаснуваат позитивните атрибути за здравјето и благосостојбата од женскиот фудбал

### ВЛИЈАНИЕ
Ќе ја започнеме нашата кампања до вториот квартал од 2022 г. и ќе испорачуваме постојана содржина во текот на периодот на стратегијата

**ЦЕЛ**

Да гии претставиме нашите сегашни и идни репрезентативки како примери во нашите региони, користејќи го нивниот имиџ и животни приказни како инспирација за следната генерација на играчи

**АКТИВНОСТ**

Ќе обезбедиме годишна програма за инспиративни настапи поврзани со женски фудбал во основните и средните училишта ширум Македонија

Ќе создадеме видлив профил за женските репрезентативки, воспоставувајќи ги како национални и локални примери

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе одржуваме по четири настапи на репрезентативките на годишно ниво во периодот меѓу 2022 - 2025 година

**ЦЕЛ**

Да спроведеме академско истражување за подобро да се разберат причините поради кои девојките го напуштаат фудбалот - користејќи го овој увид за прилагодување и подобрување на можностите за игра на нашите млади девојки

**АКТИВНОСТ**

Ќе воспоставиме односи со минимум еден универзитет во Македонија за развивање истражувачка програма со која ќе се испитаат трендовите на учество во текот на периодот на стратегијата

Ќе работиме со УЕФА и ФИФА за да се идентификуваат клучните меѓународни академски студии за да се поддржи нашето учење

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе започнеме истражувачки проект до третиот квартал од 2022 година
Ќе развиеме меѓународни одредници за да се прикаже нашиот напредок до првиот квартал од 2023 година





# ПАРТИЦИПАЦИЈА



Женскиот фудбал стана вистински фокус на ФФМ од 2001 до 2002 интересот што го покажаа клубовите кои веќе работеа со девојки и имајќи ги предвид финансиските стимулации за федерациите за развојот на женскиот фудбал од страна на ФИФА и УЕФА, потенцирајќи го растот на овој дел од играта како вистински приоритет за движење напред.

Од тогаш, во овој дел од играта е постигнат значаен, но релативно скромен напредок. Во овој дваесетгодишен период, развојот на женската игра првенствено се фокусираше на градење на елитното опкружување. Следствено, постои репрезентативна структура која е поддржана од мала, но добро квалификувана мрежа на тренери. Моментално вклученоста во оваа структура е со ограничена база на учество, која опфаќа 1500 девојчиња во споредба со 35.000 момчиња. Дополнително, постои фрагментирана натпреварувачка структура и клупска структура која се развива. Додека играта е со спорадична активност ширум Македонија, нивоата на учество зависат од степенот на достапниот избор на клубови и конкуренцијата за слободно време, особено во многу населените урбани области. Културолошки гледано, учеството на жените во фудбалот постојано се доведува во прашање врз основа на физичката способност и соодветноста. Дополнително на ова, недостатокот на кариерна патека во женската игра им отежнува на многумина да го оправдаат постојаниот ангажман. Иако овие предизвици може да изгледаат големи, латентната побарувачка за женскиот фудбал е на највисоко ниво до сега, и затоа заедничкиот напор за развојот на играта ќе донесе исклучителни нивоа на раст.



# МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Женскиот фудбал стана вистински приоритет на ФФМ во 2001 - 2002 г. благодарение на интерестот на клубовите кои веќе имаа започнато да работат со девојчиња, како и зголемената поддршка наменета за развој на женски фудбал од страна на ФИФА и УЕФА, кои потенцираа дека растот на женскиот фудбал е вистински приоритет за напредок на федерациите. Од тогаш, е постигнат важен но релативно скромен напредок во овој сегмент. Во текот на овој дваесет годишен период, развојот на женскиот фудбал во Македонија беше насочен кон градење на елитно окружување од самиот почеток. Како резултат, постои репрезентативна структура која е поддржана од мала, но високо квалификувана мрежа на тренерски кадар. Во моментов, оваа структура ја сервисира ограничена база на партиципација, во која женските играчи се застапани со само 4% од сите фудбалери регистрирани во базата на ФФМ. Дополнително, постои фрагментирана натпреварувачка структура и клупска структура која еволуира. Иако во Македонија има разни активности на женски фудбал, нивоата на партиципација се под влијание на достапните избори и натпреварувања за исполнување на слободно време, особено во високо населените урбани средини. Културолошки гледано, женската партиципација во фудбалски активности постојано е ставана под знак прашање од аспект на физичка подготвеност и одржливост. Дополнително, недостатокот на кариерни можности во женскиот фудбал на многумина им ја отежнува оправданоста на постојана вклученост во играта. Иако овие предизвици на прв поглед се големи, латентната побарувачка за жени и девојки во фудбалот во сите улоги на играчи, тренери и судии е на досега највисоко ниво. Затоа, сметаме дека заеднички напор за развој на женскиот фудбал ќе придонесе кон извонредни нивоа на раст.

Демографија на регистрирани играчи, која покажува висока стапка на откажување на играчи на возраст од 18-20 години

| Годиште | 81-95 | '96 | '97 | '98 | '99 | '00 | '01 | '02 | '03 | '04 | '05 | '06 | '07 | '08 | '09 | '10 | '11 | '12 | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Женски играчи | 90 ▼ | 19 ▲ | 22 ▲ | 31 ▲ | 53 ▲ | 65 ▲ | 95 ▲ | 138 ▲ | 204 ▲ | 237 ▼ | 187 ▼ | 153 ▼ | 107 ▼ | 55 ▼ | 28 ▼ | 12 ▼ | 8 ▼ | 1 | 1,505 |



## ЦЕЛ 2

Фудбалот ќе го воспоставиме како еден возбудлив,инклузивен, добредојден и безбеден спорт за сите жени и девојки во Македонија

Ова ќе го постигнеме преку реализација на следниве цели и

### ЦЕЛ
Да воспоставиме постепен и базичен развоен пат за девојчињата од основните и средните училишта кои сакаат да играат фудбал

### АКТИВНОСТ
Ќе развиеме и промовираме технички ресурси за поддршка на наставниците во нивното предавање за женскиот фудбал

Ќе поттикнеме создавање на женски клубови / секции во основните и средните училишта преку соработка со федерацијата на училишен спорт

### ВЛИЈАНИЕ
Ќе Ја започнеме нашата образовна програма во првиот квартал од 2022 год.
Ќе овозможиме билатерални состаноци со федерацијата за училишен спорт пред вториот квартал од 2022 год.

### ЦЕЛ
Да работиме со нашите засегнати страни и општата популација за да ги урнеме културните бариери за вклучување на жените во фудбалот

### АКТИВНОСТ
Ќе идентификуваме и назначиме мрежа на регионални координатори за женскиот фудбал

Ќе дизајнираме образовна програма за поддршка на нашите регионални женски координатори во извршувањето на нивната работа

Преку нашите координатори за женски фудбал, ќе ја подигнеме свеста и интересот за женскиот фудбал преку спроведување на регионални промотивни кампањи

### ВЛИЈАНИЕ
Ќе идентификуваме и назначиме координатор за женски фудбал во секој регион до вториот квартал од 2022 година

Ќе спроведеме образовната програма за женски координатори до вториот квартал од 2022 година

Ќе обезбедиме годишна програма за кампањи за подигање на свеста до третиот квартал од 2022 година



### ЦЕЛ
За три пати да го зголемиме бројот на девојки кои активно се вклучени и задржани во фудбалот во Македонија

### АКТИВНОСТ
Ќе го стимулираме интересот и вклученоста на девојките преку обезбедување на базични фестивали за женскиот фудбал

Ќе ја поткрепиме нашата програма за фудбалски фестивали со воспоставување на одрживи регионални програми за обука

### ВЛИЈАНИЕ
Ќе промовираме годишен календар на фестивалски настани и ќе испорачаме 9+1 (9 регионални и 1 голем, ширум земјата) фестивали на годишно ниво за женскиот фудбал од третиот квартал од 2022

Ќе воспоставиме одржлива програма за обука од првиот квартал од 2023 година

### ЦЕЛ
Да ја поддржиме нашата клупска структура во воспоставувањето врски со училишниот клуб и развојот и интеграцијата на женските секции/тимови

### АКТИВНОСТ
Ќе го олесниме запознавањето и поврзувањето помеѓу програмата на нашето училиште и локалните клубови

Же обезбедиме образование за нашите клубови, помагајќи им да привлечат и задржат нови женски играчи

### ВЛИЈАНИЕ
Ќе воспоставиме минимум 20 врски меѓу училиштето и клубовите на годишно ниво од 2023

Ќе се осигураме сите клубови да добијат образование и обука за женскиот фудбал до 2025 година

## ЦЕЛ

Да ја поддржиме структурата на женските клубови во нивниот раст и развој, обезбедувајќи сите жени и девојки да се здобијат со висококвалитетно тренерско и играчко искуство

## АКТИВНОСТ

Ќе спроведеме кампањи за да се поттикнат повеќе жени (особено поранешни играчи) да се вклучат во тренерски или судиски програми

Ќе ги поддржиме клубовите со курсеви за развој на тренери со акцент на женските тренери

Ќе го прошириме бројот на обезбедени курсеви за тренери и ќе се погрижиме за што поголем процент од кандидатите да се жени

Ќе го прошириме бројот на обезбедени курсеви за судии и ќе се погрижиме за што поголем процент од кандидатите да се жени

Ќе соработуваме со други фудбалски федерации на размена на искуства за значително да се зголеми бројот и развијат вештините на женските тренери во Македонија

## ВЛИЈАНИЕ

Ќе започнеме кампања за женски тренери и судии во третиот квартал од 2022 г.

Ќе развиеме нов наставен план и програма за женски тренери со поддршка на едукативниот центар на федерацијата до 2022 година и одржуваме курсеви еднаш годишно во периодот од 2022 до 2025 година

Ќе се обидеме да се квалификуваат минимум 10 нови женски тренери на годишно ниво во периодот меѓу 2022 и 2025 година

Ќе настојуваме на сите курсеви што се за едукација на тренери да има минимум 10% женски кандидати

Ќе се обидеме да се квалификуваат минимум 10 нови женски судии на годишно ниво во периодот меѓу 2022 и 2025 година

Ќе настојуваме на сите курсеви што се за едукација на судии да има минимум 10% женски кандидати

Ќе започнеме партнерство со други фудбалски федерации од третиот квартал од 2022г. за одржување семинари за женски тренери







# СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Во последните неколку години и преку директна финансиска поддршка на ФФМ, женската прва лига порасна и по обем и по квалитет. Некои клубови го споделуваат името со елитните машки клубови, но ниту еден не е формално поврзан со нив. Следствено, инвестициите во тренери и инфраструктура се на значително пониско ниво и женските играчи се борат да добијат пристап до соодветни и еквивалентни терени за играње.

Во рамки на грасрутот, помладите девојчиња имаат пристап до натпреварувањето преку мешани детски лиги, меѓутоа, Можностите за млади учесници е ограничена на само три младински лиги во развој преку кои се обезбедува следна инстанца во натпреварувачката патека.  После 14-годишна возраст, постои значителен јаз во понудата помеѓу рекреативното и елитното натпреварување. Како резултат на тоа, голем број девојки во овој момент го напуштаат спортот поради недостаток на можности за натпреварување, надополнето со очигледниот недостаток на можности за кариерна патека во женскиот фудбал. Поради ова, многу млади играчи се борат да го оправдаат постојаниот ангажман во фудбалот.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА






ЕКИПИ ВО МЛАДИНСКА А ЛИГА



ЕКИПИ ВО МЛАДИНСКА Б ЛИГА



ЕКИПИ ВО КАДЕТСКА ЛИГА



ПРВА ЖЕНСКА ЛИГА
2019/20: 14 КЛУБОВИ
2020/21: 16 КЛУБОВИ



## ЦЕЛ 3

Ќе создадеме секвенцијален и развоен пат за рекреативно и елитно натпреварување за сите жени и девојки кои сакаат да се натпреваруваат.

Ова ќе го постигнеме преку реализација на следниве цели и активности:

**ЦЕЛ**

Да го подобриме квалитетот на натпреварување во нашата прва лига со намалување на бројот на клубови учесници од 15 на 12 и со воспоставување енергична втора лига со неопходните спортски елементи на испаѓање и промоција

**АКТИВНОСТ**

Ќе воспоставиме нов формат на Прва Женска лига со 12 најдобро рангирани клубови

Ќе создадеме Втора Женска лига со најмалку 10 тимови

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе започнеме со новата Женска Прва лига од 2021/22 сезона

Ќе започнеме со новата Женска Втора лига од 2021/22 сезона

**ЦЕЛ**

Да го користиме нашиот регулаторен систем за заштита и задржување на нашите помлади женски играчи

**АКТИВНОСТ**

Ќе спроведеме нови регулативи за натпреварување за намалување на честите случаи кога нашите помлади женски играчи се натпреваруваат во конкуренција на постари возрасни групи

**ВЛИЈАНИЕ**

Имплементација на нов правилник за Првата женска лига за сезоната 2021/22



**ЦЕЛ**

Да ги зајакнеме и развиеме нашите младински натпреварувања за да се намали напуштањето и да се поддржат преодните периоди помеѓу детски, младински и возрасни нивоа на женскиот фудбал

**АКТИВНОСТ**

Ќе создадеме повеќе натпревари во форма на регионални младински лиги за девојки ширум земјата, обезбедувајќи повеќе можности за напредок преку натпревари и програми за обука

Ќе организираме едукативни настани за нашите клубови и региони за да се помогне во надминувањето на традиционалните бариери поврзани со женскиот фудбал

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе ја започнеме новата структура на лигата од третиот квартал на 2023 година

Ќе обезбедиме регионални и клубски тренинзи од вториот квартал на 2022 година

**ЦЕЛ**

Да одржуваме повеќе футсал настани во рамки на женската игра за да се обезбеди поголема флексибилност и избор за сегашни и нови женски играчи

**АКТИВНОСТ**

Ќе формираме сениорска женска футсал лига која ќе се одржува во зимски и летен формат за да се совпадне со зимските и летните паузи на првата женска фудбалска лига

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе започнеме со новата женска футсал лига до почетокот на сезоната 2023/2024

## ЦЕЛ
Да обезбедиме натпреварувачка структура за женскиот фудбал што влева верба кај нашите играчи и ги подготвува за да се квалификуваат за УЕФА Лигата на шампионите за жени

## АКТИВНОСТ
Ќе ја подобруваме прогресивно нашата женска натпреварувачка структура за да испорачаме подобри стандарди на игра, подобро подготвувајќи ги нашите играчи со изложување на високо ниво на конкуренција

## ВЛИЈАНИЕ
Ќе спроведеме нова структура на лигата од почетокот на сезоната 2021/2022

Ќе овозможиме еден женски клуб од Македонија да стигне до групната фаза на женската лига на шампиони до почетокот на сезоната 2024/2025

## ЦЕЛ
Да развиеме нов систем за лиценцирање на женски клубови на ФФМ за да се подобри квалитетот на можностите и искуството за нашите играчи

## АКТИВНОСТ
Ќе воспоставиме задолжителни критериуми за лиценцирање женски клубови за да се обезбеди:

- Секој женски клуб да има минимум една лиценцирана жена тренер како прв или помошник тренер
- Секој елитен женски клуб да има наменски простории за пресоблекување/тоалети за жени

## ВЛИЈАНИЕ
Ќе воспоставиме и спроведеме нов систем за лиценцирање на женски клубови за сезоната 2022/23



## ЦЕЛ
Да ги поддржиме клубовите во развојот на локализирана патека за развој на играчи за тимови од различни возрасни категории

## АКТИВНОСТ
Ќе развиеме национален план за развој на женски клубови за поддршка и следење на развојот на женскиот фудбал

## ВЛИЈАНИЕ
Ќе спроведеме национален план за развој на женски клубови до вториот квартал на 2022 година

## ЦЕЛ
Да работиме со сите женски клубови за поттикнување дополнителни инвестиции и за подобрување на квалитетот на тренингот и администрацијата.

## АКТИВНОСТ
Ќе обезбедиме редовни работилници и информативни сесии со сопствениците и администраторите на клубовите за поддршка на нивните аспирации за развој на женските клубови

## ВЛИЈАНИЕ
Ќе испорачаме минимум една национална работилница на годишно ниво за сопствениците на клубовите и администраторите во периодот од 2022 до 2025 година




# РЕПРЕЗЕНТАЦИИ

Пред само кратко време се чинеше како далечен сон дека сениорскиот меѓународен машки тим на  Македонија ќе се натпреварува на најпрестижната европска сцена; сепак, ова сега е многу реално. Користејќи го овој моментум како отскочна даска за развој, ФФМ е посветена на поддршка на женскиот тим за да се постигне слично ниво на перформанси.

ФФМ цени дека за реализација на оваа амбиција ќе бидат потребни неколку години, но ние сега имаме докажан план што треба да го следиме и внатрешна увереност дека оваа амбиција може да стане реалност. За исполнување на оваа заложба, ФФМ ќе се обиде да реши голем број развојни предизвици. Прво, столбот на Партиципација ќе треба значително да го зголеми бројот на жени и девојки кои играат натпреварувачки фудбал. Откако ќе се постигне раст на партиципацијата, ќе треба да ги надминеме културните и економските бариери поради кои многу повеќе девојчиња отколку момчиња го напуштаат фудбалот откако ќе ги достигнат своите тинејџерски години. И покрај тоа што работата со жени кои припаѓаат на повозрасните групи е важна и мора да биде поддржана, овој стратешки план ќе им даде приоритетен фокус на помладите возрасни групи, така што ќе може да се генерира поголем обем на играчи за идните репрезентативни места и натпревари. Поддржувајќи го овој пристап, од витално значење ќе биде да се охрабрат постарите играчи да се приклучат и да развијат висококвалификувана и инспиративна женска тренерска работна сила откако нивните кариери ќе привршуваат. Како и со многу други стратешки столбови во женската стратегија, развојот и зајакнувањето на структурата на женскиот клуб, заедно со инфраструктура што и припаѓа, исто така претставуваат клучни двигатели кон успехот.



## МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА



3 РЕПРЕЗЕНТАЦИИ
А, ДО 19 И ДО 17 ГОДИНИ

7 МАЈ 2005

ПРВ
ОФИЦИЈАЛЕН
НАТПРЕВАР



54 ОФИЦИЈАЛНИ КВАЛИФИКАЦИСКИ НАТПРЕВАРИ
ЖЕНСКА А РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА
5ПОБЕДИ - 4НЕРЕШЕНИ - 45ИЗГУБЕНИ



5 - 1

НАЈГОЛЕМА ПОБЕДА
ПРОТИВ ЛУКСЕМБУРГ
( СТРУМИЦА, МАКЕДОНИЈА: 5 МАРТ 2011 )

ФИФА РАНКИНГ А РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА: 131



## ЦЕЛ 4

Ќе воспоставиме енергична и амбициозна патека за развој на елитни таленти за сите жени и девојки кои имаат сон да се натпреваруваат за Македонија

Ова ќе го постигнеме преку реализација на следниве цели и активности:

**ЦЕЛ**

Да развиеме скаутски систем за жени и девојки, обезбедувајќи дека сите талентирани играчи од 7-годишна возраст да имаат можност да бидат пронајдени и поддржани

**АКТИВНОСТ**

Ќе вградиме нова програма за регионален скаут, преку назначување на регионални женски координатори

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе го стартуваме новиот скаут систем во вториот квартал на 2022 г.

**ЦЕЛ**

Да го прошириме обемот на женскиот фудбал преку развој и интегрирање на женскиот фудбал во нашата сегашна клупска структура

**АКТИВНОСТ**

Ќе работиме со нашите постоечки машки и женски клубови (или преку спојување или создавање на нови клубови) за да го зголемиме бројот и квалитетот на женските фудбалски клубови

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе осигураме минимум 25% од сите клубови од Прва и Втора МФЛ да имаат структура на женски клуб до 2025 година



**ЦЕЛ**

Да го повториме успехот на нашата сегашна структура на машката академија во женски фудбал

**АКТИВНОСТ**

Ќе развиеме минимум една академија само за жени за да го поддржиме развојот на нашиот регионален талент

Ќе спроведеме анализа за тековните потреби во однос на идните перспективи и аспирации

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе ја основаме првата академија на ФФМ за девојки до вториот квартал на 2024 година

**ЦЕЛ**

Да создадеме тим за женска возрасна група до 15 години и сениорска женска футсал репрезентација

**АКТИВНОСТ**

Ќе формираме женска репрезентација до 15 години и футсал тим до 15 години

Ќе формираме сениорски национален футсал тим

**ВЛИЈАНИЕ**

Формирањето ќе се случи во 2023/2024 сезона

Формирањето ќе се случи во 2023/2024 сезона

**ЦЕЛ**

Да вградиме култура со високи перформанси за нашите репрезентации за жени до 17 години, до 19 години и сениорската женска репрезентација

**АКТИВНОСТ**

Ќе ја повториме најдобрата практика на нашиот национален машки тим во рамките на развојот и подготовката на нашата женска репрезентација до 17 години, до 19 години и сениорската А репрезентација

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе спроведеме подобрена програма за постигнувања во женски фудбал помеѓу 2022 и 2025 година

**ЦЕЛ**

Да направиме база на податоци за официјални и пријателски одиграни натпревари на националните тимови во периодот од 2003година до денес

**АКТИВНОСТ**

Ќе го искористиме системот за регистрација COMET како единствена податочна точка на записи поврзани со женските фудбалски репрезентации

**ВЛИЈАНИЕ**

Ќе ја пополниме базата на податоци за женските национални тимови почнувајќи од првото тромесечие на 2022 година






# ПРИХОДИ

Пред првото финале на Светското првенство за жени, организирано во Кина во 1991 година, комерцијалните и партнерските инвестиции во женскиот фудбал речиси и да не постоеја. Во 2021 година, ситуацијата е сосема поинаква, при што женскиот фудбал дава нова и возбудлива можност за вклучување.

Женскиот фудбал цврсто се етаблира како вистински глобален спорт и сега многу корпоративни организации го гледаат како совршена можност да напредуваат во нивните маркетинг кампањи за жени. Дополнително, женскиот фудбал стана нешто многу подлабоко и позначајно во комерцијалниот пејзаж. Женскиот фудбал сега нашироко се користи за да се демонстрира женското зајакнување и суштински да се променат родовите стереотипи. Женските играчи сега станаа општествени модели, а не само спортски личности. Иако комерцијалниот статус на женската игра во Македонија е на почетокот на ова патување, ФФМ има големи амбиции за развој на женската игра. Преку овој пристап, ФФМ е желна да развие долгорочни и софистицирани партнери со компании кои го споделуваат овој возбудлив сон.



# МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Дискусиите за развој на нашата стратегија во овој сегмент наметнаа да ги истражиме можностите за остварување на приходи од женски фудбал на глобално ниво, и низ неколкуте примери во продолжение може да се види опсегот на можности и интерес кои се надеваме ќе ги истражиме дополнително како дел од оваа нова стратегија..

“Растечката популарност и менувањето во социјалното прифаќање се водечки во создавањето побарувачка за ослободување на правата на женскиот фудбал од правата на машкиот фудбал, со што се зголемуваат целокупните комерцијални приходи во женскиот фудбал. Во четри од водечките женски лиги (Франција, Германија, Обединето Кралство, САД), 60% од тимовите имаат спонзор на дресовите кој е различен од оној на машкиот тим. Како што клубовите, носителите на права и потенцијалните комерцијални партнери ги препознаваат финансиските бенефити од ваквото ослободување, се очекува пораст од 100% до одржувањето на Светското Првенство за Жени во 2023 година.” Deloitte




Во декември 2018 година,Visa потпиша седум годишен договор со кој стана прв спонзор на УЕФА женски фудбал, на тој начин станувајќи главен партнер на најзначајните настани како што се УЕФА Лига Шампиони за Жени и УЕФА Европско Првенство за Жени.

Во март 2019 година, Nike потпиша пет годишен ексклузивен договор со УЕФА женски фудбал со што станаа застапници за фудбалски топки за сите УЕФА женски натпреварувања.

Barclays се сега генерален спонзор на Англиската Женска Супер Лига во спонзорски договор кој вреди повеќе милиони фунти - најголемата инвестиција во било кој женски спорт во Обединетото Кралство од страна на било кој бренд до сега.



# ЦЕЛ 5

Ќе го воспоставиме женскиот фудбал како впечатлив, возбудлив и визионерски спорт во Македонија и ќе соработуваме со многуте партнери кои ја делат оваа визија

Ова ќе го постигнеме преку реализација на следниве цели и активности:

### ЦЕЛ

Да развиеме и стартуваме нов бренд за женските фудбалски лиги и нашиот женски национален А тим

### АКТИВНОСТ

Ќе подготвиме позиционирање на брендот за новата реструктуирана Прва женска лига
Ќе го искористиме нашиот нов бренд за женски национален тим за да се подигне профилот и свеста за елитниот женски фудбал во Македонија

### ВЛИЈАНИЕ

Ќе го започнеме позиционирањето на нашиот нов бренд до првиот квартал на 2022 година
Ќе обезбедиме тековна комуникациска и медиумска кампања за подигање на профилот на женската игра низ тој период 2022 - 2025

### ЦЕЛ

Да користиме привлечен комерцијален инвентар за развој на семејство на комерцијални партнери кои ги поддржуваат женските национални тимови и нашите пошироки национални програми за развој

### АКТИВНОСТ

Ќе ја нагласиме социјалната придобивка што женскиот фудбал ја носи на сегашните спонзори на ФФМ и поттикнува поддршка за општествена одговорност на женскиот фудбал надвор од редовниот спонзорски договор
Ќе го вклучиме женскиот фудбал и нашите елитни играчи во понудата за комерцијално партнерство на ФФМ
Ќе ги профилираме женските фудбалски натпревари и националните тимови како самостојни брендови за привлекување спонзори

### ВЛИЈАНИЕ

Ќе овозможиме редовни спонзорски работилници со специфичен фокус на женската игра низ тој период 2022 - 2023

Ќе подготвиме ресурси за спонзорство за женскиот фудбал што ги содржат правата за женската Прва лига, женскиот куп и женскиот национален тим до третиот квартал на 2022 година

Ќе настоиме да обезбедиме минимум еден значаен комерцијален партнер за секоја област од женскиот комерцијален инвентар до почетокот на сезоната 2022/2023



### ЦЕЛ

Да ја поддржиме женската клупска структурата во нивните напори да обезбедат комерцијални партнери на локално ниво

### АКТИВНОСТ

Ќе организираме работилници со женски фудбалски клубови и со машки елитни клубови кои би сакале да го поддржат развојот на женските тимови за можностите да се обезбедат одржливи финансии за раст на женската игра

Ќе ги поддржиме клубовите во успешното спроведување на системот за лиценцирање клубови, што се однесува на спортски, административни, инфраструктурни, лични и финансиски критериуми

### ВЛИЈАНИЕ

Ќе испорачаме 15 работилници во периодот меѓу 2022 – 2025 година

Ќе ги процонуваме потребите на секој клуб поединечно почнувајќи од третиот квартал на 2022 година

Ќе имаме билатерални средби со најмалку 6 клуба на годишно ниво во периодот од 2022 до 2025 година

Ќе го следиме трошењето на добиените средства од солидарната шема на женската лига на шампиони почнувајќи од третиот квартал на 2023 година

### ЦЕЛ

Значително да го прошириме ТВ преносот и онлајн покривањето на женската игра

### АКТИВНОСТ

Ќе го вклучиме женскиот фудбал во продажбата на ТВ правата на ФФМ

Ќе го подигнеме профилот на женската игра преку ТВ преноси или стриминг во живо на националниот женски тим и натпреварите од Првата ЖФЛ

### ВЛИЈАНИЕ

Ќе организираме стриминг во живо за најмалку еден натпревар од женската лига по коло на ТВ-платформата на ФФМ за сезоната 2021/22, ќе го зголемиме бројот на проследени натпревари за следните 3 сезони

Ќе преговараме за комерцијални партнерства за емитување за женскиот национален тим за циклусот 2023 - 2025 година (WEURO)



# НАШИ ПАРТНЕРИ

Во развојот на оваа стратегија имавме среќа да добиеме одлично ниво на вклученост и придонес од целата македонска фудбалска мрежа.

Како дел од состаноците за развој на стратегијата кои беа поддржани од тимот на UEFA, имавме присуство на играчи, тренери, судии, навивачи, претставници на клубови и потенцијални партнери, и сите тие придонесоа кон поставување на идните насоки на ФФМ, за што сме навистина благодарни. Вашиот придонес осигура да зацртаме цели и активности кои ќе ги задоволат на вистинските потреби низ сите столбови на стратегијата и ќе ни овозможат да воспоставиме листа на приоритети од можностите кои ќе имаат најголемо влијание.

Искрено се надеваме на понатамошна соработка со цел раст на женскиот фудбал и им се заблагодаруваме на сите партнери за нивните залагања, податоци и вклучување во помошта за развој на подобро окружување за жените и девојките во фудбалот, во сите делови од нашата земја.



# ПОВЕЌЕ ЖЕНИ, ПОВЕЌЕ ГОЛОВИ

## МАКЕДОНСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ЖЕНСКИ ФУДБАЛ

2021 - 2025

ФФМ